Медиум
весник за сите средношколци
Четврток, 27.04.2018; година V; бр. 38
www.medium.edu.mk

ИНТЕРВЈУ: МИЛЧО МАНЧЕВСКИ, РЕЖИСЕР

# Слободата не се купува со пари




стр.3



„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

МИНИМУМ 500 ЕВРА ЗА МАТУРСКА ПРОСЛАВА

стр. 5



„ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА“

ЛИНА ПЕЈОВСКА, НОВА МУЗИЧКА ЅВЕЗДА ВО ПОДЕМ

стр. 6



„КАДЕ БЕВМЕ“

ОСУМ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА „ГИМНАЗИЈАДА“

стр. 4

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
НОВА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“
ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## ВОВЕДНИК



Соња Живковиќ -Ѓоргиевска, професорка по македонски јазик и литератураСОУ „Јосип Броз-Тито“ - Битола

# Имаме сѐ повеќе медиуми, а сѐ помалку вистина

Со развојот на технологијата, пристапот до медиумите и до информациите што ги нудат е многу брз и лесен. Како поранешен новинар, а сега професор, на часовите по правопис, правоговор и публицистика со учениците често разговараме за новинарството. Иако мали, тие почнуваат да распознаваат што е точна, а што лажна или претенциозна вест. Од самиот наслов или помпезната најава може да се заклучи дали новинарскиот прилог некого ќе воздигне или ќе понижи..., та нели во секое црно има и бело и во секое бело има црно? За жал, имаме сѐ помалку реални вести.

На часовите посветени за вежби, учениците ги ловат грешките на медиумите. Најмногу дискутираат за непочитувањето на акцентските целости, членувањето на зборовите, неправилниот говор и за правописот. Забелешки имаат и на говорот на телото на новинарите и на претераните гестикулации. Упаѓањето во збор за време на дебати е посебна приказна, особено кај соговорниците, иако некогаш упаѓањето на водителот е потребно, за дискусијата да не отиде во друг правец. Во некои дебати, кога има спротивставени страни, се случува новинарот да биде наклонет кон некоја страна, тоа се гледа и чувствува по начинот на кој ги поставува прашањата, упаѓањата во збор, па дури и по интонацијата на гласот.

Многу често веста, односно информацијата е прикажана на начин на којшто новинарите, односно медиумската куќа би сакале јавноста да ја перципира.

Младите генерации, учениците со поголема застапеност на медиумската култура во дел од училишните предмети, средби со професионалци од областа на новинарството, со организирање на работилници за медиумско описменување, се на добар пат еден ден да речат стоп на необјективноста и манипулацијата во информирањето. Опкружени сме со огромен број интелектуалци кои ќе ви речат за медиум кој самиот себеси се декларирал за (на пример) опозициски, дека баш тој медиум за нив е најобјективен. Логика?

Од еден настан може објективно да се информира, но може и да се аплаудира и да се плука. На крајот, не е објективна вест онаа што ти сакаш да ја слушнеш и што тебе ти одговара да биде токму така напишана.

Очигледно е дека на луѓето им се потребни нови вештини и знаења за да можат да се справат со напливот од медиуми и информации и хаосот што тие може да го предизвикаат. Со медиумското описменување кај младите луѓе ќе се зголеми свеста за големиот број форми на медиумски пораки, препознавање на вистинските информации, идентификување на заблудите и развивање на критички однос кон медиумските содржини. Што бараат учениците од битолската гимназија „Јосип Броз-Тито“? Тие сакаат медиумската писменост да биде пошироко застапена во програмите за работа по повеќе предмети, да имаат средби со професионални работници од различни медиуми, да бидат едуцирани преку работилници каква што беше неодамнешната, организирана од Високата школа за новинарство.

# Градот Скопје ќе стипендира спортисти



Со цел да ја зголеми мотивираноста кај младите и талентирани спортисти-средношколци, Град Скопје првпат воведе стипендирање на спортисти-средношколци кои се жители на Скопје и учат во средните училишта на подрачјето на Скопје. Ќе се изберат 100 стипендисти, кои во текот на осум месеци во тековната 2018 година ќе добиваат стипендија од 3.000 денари месечно. Средствата се обезбедени од буџетот на Град Скопје.

Јавниот повик траеше до 26.04.2018 година.

## По осми пат се одржа младинскиот „Гимфест“ во Прилеп

Во домот на културата „Марко Цепенков“ во Прилеп по осми пат се одржа „Гимфест“. Многубројната публика уживаше слушајќи хитови од различни жанрови и различен временски период, во духот на годинешната тема „Времеплов“.

Во четирите музички блока настапија вкупно 17 солисти. На крајот од фестивалот, стручното жири првата награда ја додели на Анастазија Христоска, втората на Ангела Зероска, додека третата замина во рацете на Нина Коцеска.



## „Дрен“ во Латвија на спознавање на различностите

Ученичките Бисера Шегмановиќ, Сара Спасова и Паулина Петрушевска заедно со психологот Ива Стојановска и професорката Јасна Трајаноска од СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ го претставија македонскиот тим во Рига, Латвија. Тие во периодот од 15 до 22 април учествуваа како дел од Еразмус проектот „Ние сме различни, ние сите заедно сме Европа“ (We are different, we are Europe all together) заедно со петте партнерски училишта од различни европски земји. За време на еднонеделната посета учениците ги претставија својата земја, својот град и своето училиште, а имаа и активности за истражување на латвиската култура и учеа латвиски јазик со цел да се рушат стереотипите за различностите меѓу европските народи.



Медиум

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ИНТЕРВЈУ: МИЛЧО МАНЧЕВСКИ, РЕЖИСЕР

# Слободата не се купува со пари



Милчо Манчевски, кој се докажа како еден од најуспешните и најпознати македонски режисери во светот, себеси се опишува како авангарден лик, човек кој не се доживува како дел од систем. За него слободата, во која било форма, е императив во животот. Милчо твори за да се искаже и ужива во тоа што го прави. За него резултатите не се толку важни колку креативното размислување и изразување. Во неговите интервјуа се зборува за неговите филмови, награди, критички ставови и идеи. Но малку е познато за неговиот средношколски живот, за неговите желби и интереси, за деновите во кои му се оформувала кариерата. Зборуваме и за најновиот филм „Бикини Мун", како и за проектот во фаза на создавање „Врба", кој ќе се снима во Скопје и во Мариово.

**СЕКОЈ ЧОВЕК ИМА СВОЈ СВЕТ И ТОЈ ТРЕБА ДА СЕ ПОЧИТУВА**

**МЕДИУМ:** Што Ве влечело досегашните филмови да ги работите во Македонија, а што е сега поразлично со новиот филм „Бикини Мун"? По што се разликува овој филм од преостанатите?

**МАНЧЕВСКИ:** Јас живеам во Њујорк 35 години. Моето школување и професионален живот се таму. Многу е логично таму да работам, повеќе е прашањето зошто претходните сум ги работел тука (во Македонија)? Јас сакам да работам на различни места, но оваа приказна припаѓа во Њујорк и затоа таму е и создадена. Не сакам да се ограничам на едно место ниту на една култура и тоа ми дава поголема можност креативно да се изразам. Креативната слобода е поважна од успехот.

**МЕДИУМ:** Што е инспирацијата и пораката на овој филм?

**МАНЧЕВСКИ:** Инспирацијата е секако формата на овој филм, како гледач да гледаш документарец, да очекуваш да се случуваат само вистински работи и во еден момент да почнат да се случуваат фантастични нешта – еден таков креативен „безобразлук" беа идејата и инспирацијата за овој филм. А пораката секој треба сам да ја сфати; јас не поаѓам од порака. Една од работите што произлегуваат од „Бикини Мун" е дека секој човек има свој свет и дека тој свет треба да се почитува, дека не треба да му се наметнува како да се чувствува, дека не треба да постои униформност.

**МЕДИУМ:** Како ја претставувате, односно што симболизира богомолката, еден клучен симбол за „Бикини Мун"?

**МАНЧЕВСКИ:** Не мора да биде богомолката, може да биде и друго суштество; она што е битно е да биде фантастично суштество, нешто што не би можело да постои во вистинскиот свет. Во мојата уметност не поаѓам од пораки, метафори или симболи, туку од чувство и од потреба за вистина. Ако некој најде пораки во моите филмови тоа е в ред, ама тие произлегле интуитивно како дел од мојот креативен процес, а не со некаква намера.

**МЕДИУМ:** Во Вашите филмови, па и во „Бикини Мун", нема оскаровски ѕвезди, а сепак освојувате престижни награди и номинација за „оскар". Во што е тајната?

**МАНЧЕВСКИ:** Јас не се занимавам со резултатите, успехот или наградите, туку се занимавам само со уметноста. Само тоа е важно и тука нема компромис. Таа уметност некои луѓе ја разбираат, некои не. Во моментот кога уметноста ќе се совпадне со некои општи барања и потреби на публиката или на општеството, може и да добие награда, ама наградите не значат многу. И обратно – може да биде дело кое никој нема да го забележи, а да е многу квалитетно и вредно.

**ВО МАКЕДОНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НЕДОВОЛНО СЕ ТРЕТИРА ФИЛМСКАТА УМЕТНОСТ**

**МЕДИУМ:** Како Вие гледате на нас младите низ генерациите? Мислите ли дека го губиме допирот со културата? Го прашувам ова, бидејќи Вие во исто време сте и универзитетски професор, значи доаѓате од образовен систем кој се разликува од нашиот, македонскиот, па сметате ли дека во Македонија формалното образование ѝ отстапува доволно простор на филмската уметност?

**МАНЧЕВСКИ:** Во целина, на глобално ниво, се губат локалните особености и локалните култури, се стопуваат во една глобална култура – разликите ги снемува. Од една страна тоа може да биде добро, затоа што луѓето се поврзани со цел свет, човекот полесно патува, полесно се комуницира, но од друга страна е штета што се губат локалните специфики. Тие се уникатни. Луѓето почнуваат да се однесуваат на сличен начин, да зборуваат ист јазик, да слушаат слична музика, така што има и плус и минус. Веќе нема егзотична земја во која ќе отидеш и ќе запознаеш различна култура, сите стануваме сè повеќе слични. Во однос на образованието, очигледно е дека се отстапува премалку простор на филмската уметност. Во последниве децении во образованието се правени чекори наназад и е штета што е така. Втора работа која би било убаво да се подобри е да се стимулираат учениците и студентите повеќе да размислуваат со своја глава, да се поттикнуваат да синтетизираат, а не само да паметат и да повторуваат работи.

**МЕДИУМ:** Може ли да ни кажете за Вас како средношколец? Може ли да ни кажете некоја анегдота?

**МАНЧЕВСКИ:** Средно завршив во гимназијата „Орце Николов". Во тоа време се погоди и времето воопшто, а и гимназијата, да бидат многу амбициозни. И јас бев мошне амбициозен. Страшно многу учев, шест саати во гимназија и дома често пати уште 5 саати. Сè додека не влегов во продукција на долгометражни филмови, не сум работел толку, премногу напор и притисок. Памтам дека еднаш бев на натпревар на Работнички, ја носев тетратката по биологија и на полувремето учев (се смее). Бев првенец на генерација и претседател на младинска организација, и тогаш за прв пат отидов во Америка, во Темпи, на училишна размена. И тој однос кон обврските, да мора сè да се заврши, да се напише домашно и сл., ми остана како навика до денес. Пред да почнам со снимање, сè мора да подготвено. Од сите очекувам да си ја завршат домашната, да имаат план А и план Б, сè да биде темелно подготвено. Ова во огромна мера произлегува од тие училишни денови.

**МИСЛЕВ ДЕКА ЌЕ БИДАМ НОВИНАР**

**МЕДИУМ:** Објаснете ни ја ситуацијата кога Вашата професорка Олга Пешевска Ве советувала да се занимавате со филм. Како дојде до тоа?

**МАНЧЕВСКИ:** Почнав да објавувам во весници уште од прва година гимназија. Прво објавував во „Студентски збор", потоа ме побараа да пređам во „Млад борец" и тоа беше мал скандал. Објавував уште како гимназијалец и во професионални весници, во „Нова Македонија", „Екран", „Остен", „Вечер", во „Политикин забавник" а потоа и во „Синеаст" – стручно списание за филм од Сараево. Мислев дека ќе се занимавам со пишување и дека ќе бидам новинар. Во весниците работев на интервјуа, моето прво интервју беше на ваши години, со Благоја Георгиевски, па со Горан Бреговиќ, со Горан Паскаљевиќ, со спортисти, пејачи, глумци, а на 17 години имав и своја колумна во „Екран". Потоа водев рубрика за филм која се викаше „Филмско небо". Таа ми беше вовед во филмската работа. До мојата 19-годишна возраст објавив околу 200 текста. Професорката Пешевска ме праша, веќе во трета или четврта година, што сакам да работам и јас ѝ одговорив – новинар. Таа ми посочи дека ако бидам новинар ќе бидам под многу контрола и притисок и од уредници и од политичари. Таа знаеше дека јас не се сложувам со такво ропство. Во тоа време поставував средношколски претстави – ги пишував и ги режирав и беа навистина одлични, на луѓето многу им се допаѓаа, и така таа ми предложи да студирам режија. Јас си реков: „Ммм, добра идеја!". Потоа седнав, размислив, истражив и видов дека немаше филмска школа во Скопје во тоа време – постоеше ФДУ, но немаше режија. Пробав да студирам во Полска, но во тоа време мораше да имаш државна стипендија. И покрај тоа што бев првенец, не можев да ја добијам таа државна стипендија затоа што тие се чуваа за луѓе со врски. Паузирав една година, и чекав да ме примат. И ме примија во Америка, таму самиот универзитет ми даде стипендија.

**МЕДИУМ:** Доколку не е тајна, дали Вашите средношколски денови се времето на првата симпатија или љубов?

**МАНЧЕВСКИ:** Да. (се смее)

**МЕДИУМ:** Која е вашата девиза во животот?

**МАНЧЕВСКИ:** Слободата е поважна од што било друго и таа не се купува со пари.

**МЕДИУМ:** Што би ги советувале средношколците, особено оние кои се интересираат за уметноста?

**МАНЧЕВСКИ:** Многу да вежбаат, многу да работат. Практиката е поважна од теоријата. Нема потреба од муабети, не треба многу да се објаснува туку да се снима, да се научи нешто од тоа искуство, па да се снима повторно. Треба да се работат мали проекти. Не треба да се прават компромиси, не треба да се брка успех туку треба да се брка креативно задоволство. Уметничкиот интегритет е најважен, да можеш по 20 години да ги погледнеш своите дела и да си горд на нив. МЕДИУМ: Кога би можеле да ја замените оваа професија, би го направиле ли тоа и со која?

**МАНЧЕВСКИ:** Ме интересира науката, убаво ќе беше да станев научник. Таму не зависиш од вкусот. Ме интересира и антропологијата. Кога сум бил многу мал, сум сакал да бидам чувар на паркот, што не е лоша идеја (се смее).

**Стефан Митиќ, ученик во гимназија „Орце Николов" Скопје и Филип Лафазановски, ученик во гимназија „Никола Карев" Скопје**

## Новиот филм „Врба" ќе се снима во Скопје и во Мариово

Во врска со новиот проект „Врба", режисерот Милчо Манчевски обелодени дека ќе се снима во Македонија - во Скопје и во Мариово.

- „Врба" се две и пол љубовни приказни кои се случуваат во Македонија и покриваат период од четири века. Едната приказна се случува во турско, а другата во модерно време. Проектот ќе се работи ова лето и наесен - рече тој. На прашањето дали се чувствува како влијателна личност по чии стапки многу млади личности се обидуваат да одат, режисерот Милчо Манчевски вели дека тоа е факт, но тој не се доживува така, напротив, како аутсајдер, на кој му се најважни уметноста што ја прави и слободата. Не се доживува себеси како дел од некој систем.

ОСУМ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА „ГИМНАЗИЈАДА“

# Вентилите за уметност се пуштаат само со длабоки и скриени емоции



Културната манифестација „Гимназијада 2018“ се одржува осма година по ред, а во нејзини рамки ќе се одржат осум претстави. Во реализацијата учествуваат ученици од гимназиските средни училишта. Се подготвуваат претстави по сопствено сценарио, режија, сценографија, костимографија, сценско движење, актерска игра и музика.

Настанот, кој е во организација на Културно-информативниот центар (КИЦ), се одржува во Салонот 19:19. Започна на 12 април и ќе трае до 11 мај годинава.

Од КИЦ велат дека ученичките желби да се излезе надвор од училишните рамки се многу чести и посакувани, така што идејата за проектот за годинешната „Гимназијада“ е поттикната од разговорите со многу талентирани средношколци што редовно ги следат драмските претстави во Салонот 19:19.
- Во битието на човекот е да се движи, да оди понатаму, да истражува, да ги поместува границите на своите можности. Талентот е скриен во секого од нас. Талентот за уметност може да го придвижи нешто длабоко, нешто што ќе разбуди заспаните емоции. Тогаш се отвораат некои вентили за пишување, глума, музика, игра, сликање... Се создава уметност од личности со различни фреквенции - пишува на плакатот за годинешната „Гимназијада 2018“. Досега се одржаа неколку претстави од предвидените. Учениците од гимназијата „Јосип Броз-Тито“ на 12 април ја одиграа претставата „С - сигурност О - обврска Б - блискост А - афинитет“. Нивните соученици од средното училиште „Орце Николов“ на 18 април ја подготвија претставата „Круг“. Два дена подоцна, настап имаа учениците од „Цветан Димов“, со „Карлова Теута“, на 25 април од „Раде Јовчевски-Корчагин“ со „Покондирена тиква“, а денеска од „Никола Карев“ ќе ја играат драмата „Војцек“.

На 1 мај на сцената ќе настапат ученици од приватната гимназија „Алгоритам“, со „Шекспир е КУЛтура“, на 9 мај од „Зеф Љуш Марку“ со „Времињата“, а настанот ќе го затвори претставата „Пациенти“ од Интернационалното средно училиште. Сите претстави се со почеток во 20 часот.

**Е.В.**



„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

НЕ ЗАМИРА ТРЕНДОТ МАТУРИТЕ ДА СЕ СЛАВАТ КАКО ВЕНЧАВКИ

# Минимум 500 евра за матурска прослава



И годинашните матурски прослави ќе поминат во знакот на скапи брендови и раскошни прослави, за кои некои родители земаат и банкарски кредити за да ги покријат сите трошоци. „Медиум“ истражуваше колку чинат дотерувањето на матурантите и прославата со соучениците и со најблиските.

**НА ШОПИНГ ДУРИ ДО МИЛАНО**

Матурантите со кои разговаравме велат дека за облека, шминка и чевли се потребни во просек од 10 до 12 илјади денари, а тоа е добрата верзија. Се разбира, има и такви што само за фустан со дизајнерски потпис платиле и до 500 евра и уште толку за фризура, шминка и накит. Некои одат на шопинг дури до Милано, Софија, Солун, Приштина. Козметичките салони во Скопје нудат матурски пакети, каде што фризура и шминка се од три до осум илјади денари. Како трошок тука е и фотографирањето за табло и за алманах, кое чини од 900 до 1.100 денари.

Матурантката Ана Марија Б. од спортската академија вели дека ќе помине поскромно.

- Ќе шијам фустан, кој планирам да чини 6.000 денари. Веќе закажав шминка и фризер за 2.000 денари, а тука се и чевлите, кои можеби нема да бидат со високи потпетици и за кои предвидов две-три илјади денари - вели Ана Марија Б.

Прослава дома, како што посочи, нема да прават, само ќе го одбележат настанот со семеен ручек во кругот на најблиските роднини.

Сепак, прослава на која се поканети и до 200 луѓе веќе организирале многу родители, и тоа најголем дел во кафеани, раскажаа матуранти.

Петар С. од гимназијата „Јосип Броз-Тито“ вели дека матура ќе прославаат дома, а само таа неговите родители ќе ги чини 500 евра, за храна и за пијалаци.

За сопственото облекување не платил многу, 100 евра, но без чевли, кои допрва ќе ги одбере и купи. Ќе биде облечен во панталони, кошула и сако, како и многу негови другари.

- Класичната верзија на облекување ќе доминира и годинава, речиси кај сите ученици. Сите мои другари, од различни средни училишта, ќе бидат облечени како мене. Девојките исто - во фустани и штикли - појасни тој.

И Марија К. од економското училиште „Васил Антевски-Дрен“ потврди дека приближно цената што ја платила само за облека е околу 6.000 денари. Но без фризура и шминка. Само чевлите, салонки, ја чинеле дополнителни 2.000 денари. Ќе биде облечена во фустан.

**ПРВО ВО ХОТЕЛ, ПА ВО ДИСКО**

Прославите, пак, организирани од училиштата и од претставници на учениците се сосема друга приказна. Според раскажувањата, матурантите прво ќе вечераат во некој хотел, а потоа ќе продолжат во диско. Петар С. рече дека вечерата е планирана во еден елитен скопски хотел и ги чини 1.600 денари за вечера, 160 денари за професорите и 300 денари за бенд. Дополнително, диското, каде што ќе продолжат по вечерата околу 600 ученици од „Јосип Броз-Тито“ го плаќаат 600 денари, со жива музика.

- Стигнаа понуди до училиштата и директорката ни даде избор - дали сакаме да одбереме некоја од тие понуди или да организираме сами.

Целиот договор се одвиваше меѓу неа и претседателите од сите класови. Едноставно, потоа само ни кажаа колку ќе нè чини сето тоа и прифативме - посочи гимназијалецот.

Во истиот елитен хотел ќе вечераат и учениците што матурираат во спортската академија. Според Марија Б. од ова средно училиште, за јадење и пиење платиле сума во износ од 1.500 денари. Но плаќаат и за професорите што ќе пристигнат да се дружат со нив, тоа значи само за хотел и вечера издвоиле од ученик по 2.100 денари.

Потоа прославата ќе продолжи во дискотека. Поевтино ќе поминат учениците од „В.А. Дрен“, кои ќе вечераат во друг скопски хотел. Севкупно за хотел, бенд и дискотека ќе платат 1.300 денари.

Корчагинци, пак, за прославата во хотел ќе платат 1.250 ден., 200 ден. за музика, 200 ден. за диско.

## Гевгелиските матуранти ќе платат 1.080 денари за матурската вечера

Матурантите од гевгелиската гимназија „Јосиф Јосифовски“ за прославата во ресторан ќе потрошат 1.080 ден. и 110 ден. за музика. Фотографирањето за табло и за алманах е 550 ден.

Последните години во Гевгелија поголем дел матуранти своите домашни матурски прослави ги прават во ресторани или изнајмуваат простории. Цената по лице е различна, во зависност од тоа за кој ресторан станува збор, и се движи од 500 до 1.000 денари. Многу семејства се задолжуваат или подигнуваат кредити.

ЛИНА ПЕЈОВСКА, НОВА МУЗИЧКА ЅВЕЗДА ВО ПОДЕМ

# Балансирам со времето за да стигнам секаде



Лина Пејовска е средношколка во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје, има 15 години, а веќе е музичка ѕвезда. Нејзиниот прв хит „Ако ме сакаш“ на Јутјуб има околу 200.000 прегледи.

**МЕДИУМ:** На социјалните мрежи си доста популарна. Која е Лина всушност, од каде се талентот и гласот?

**ПЕЈОВСКА:** Голема желба и чест ми беше да настапувам во српското музичко талент-шоу. Со оглед дека моите не знаеја дека сакам да се занимавам со пеење, решив сама да се пријавам на аудициите. По ова шоу следуваа многу фестивали и успеси во други држави. Најмногу што сакам, освен пеењето, е да се дружам, да излегувам и најдобро што можам да ги поминам моите луди години.

**МЕДИУМ:** За какви фестивали станува збор?

**ПЕЈОВСКА:** Фестивалите ги има во голем број, но сега ќе ви откријам само некои. Настапував на меѓународен фестивал во Суботица и освоив „златен гран при“. Неодамна се вратив од Литванија, каде што се одржуваше меѓународен натпревар со повеќе од 70 учесници од околу 50 држави. Таму освоив две награди, една дипломска и една за најдобар поп-пејач. Се претставив со повеќе песни, од кои едната беше „Ако ме сакаш“, со која настапив на познатиот македонски фестивал „Макфест“.

**МЕДИУМ:** Како се „роди“ познатата „Ако ме сакаш“?

**ПЕЈОВСКА:** Оваа нумера е моето првенче. Аранжманот и музиката се дело на Дарко Димитров, а текстот на Елена Ристеска. Потоа, во соработка со „Мецик рекордс“ излезе и српска верзија („Ако ме волиш“) и се надевам дека таа соработка ќе продолжи. Исто така, „Ако ме волиш“ доби и ремикс. Презадоволна сум од тоа како реагира публиката на песната.

**МЕДИУМ:** Покрај сите обврски, како успеваш да се справиш со сите училишни активности?

**ПЕЈОВСКА:** Нормално дека пред сѐ ми е училиштето, но не секогаш успевам да ги извршам обврските целосно. Многу сум им благодарна на сите професори што ми даваат поддршка и што имаат разбирање за моите многу чести отсуства.

**Автор: Миа Мојсовска,**
**гимназија „Јосип Броз-Тито“ - Скопје**



## ГОЛЕМИТЕ мора да нѐ разберат - и ние сме изгубени во лавиринтот

Се наоѓам на прагот од средношколското образование, па затоа и сум мотивирана да размислувам и да пишувам за него и за нас младите. Го употребив „средношколски живот“ за да сум појасна во нејасното.

Како тело со две души, од една страна животот на средношколците е страшен, од друга страна забавен. Страшен е зашто во него доминираат пијачките, сѐ се врти околу згодните девојки, брзите автомобили, лудите идеи, мисли, забави, излегувањата без време на нормално враќање дома, домашните обврски... Или, пак, е забавен и возбудлив со цветот на љубовта, пријателството, со... сѐ е ОК - оценето со големо ЛАЈК!

Која е вистината? Ако се прашувам лично јас, како дел од актуелната група, тогаш со сигурност би го тврдела спротивното од сѐ е ОК!

Периодот поминат во средно училиште е необична компилација од попатни разминувања со темните, нејасни лица кои доаѓаат и си одат. Поговорката „Она што е убаво, не трае вечно“ честопати се врзува со чувството на љубов, пријателство, кои од вечност стануваат краткотрајност. Во битката истрајуваат(ме) само одредени - борци. Контра нас, пак, ГОЛЕМИТЕ со неверување, прашално ќе коментираат: „Со што се борите вие? Вие немате никакви стресови! Вие не плаќате долгови! Вие не одите на работа! Вие не знаете како е!“

Да, можеби набројаното не го знаеме, но ние сепак знаеме!

Знаеме како е тагата да ти е „најдобар пријател“. Знаеме како е да си осамен остров кој сонува да побегне од вревата на денот и од монолозите на професорите за важноста и корисноста на нивниот предмет во животот и работата. А ние го мразиме и не го разбираме, зашто денес ниту знаеме, ниту сакаме да го „работиме“ токму тој предмет. Знаеме колку изгубено се чувствуваме кога лавиринтот од нашите мисли и планови за иднината не ни дава излез. Разберете нѐ! Ние имаме планови и омилени теми и часови, но некои од вашите предмети, тестови и испрашувања денес прават да се чувствуваме бескорисни. Тоа е сѐ што тие ни нудат. Принудени сме да ги прифаќаме без компромис и поинакво решение од толку очигледното – да се биде хуманист, човек во човек!

Вие многу малку знаете од она што ние знаеме. Знаеме како е да се заспие со скршено срце, црвени очи и исплакана душа. Знаеме колку длабоко се врежуваат и болат кажаните муабети за нас, кои секогаш се помногубројни од оние за познатите. Знаеме како е да немаш желба за ништо, да немаш сон, да се чувствуваш како губитник, како несреќа. Знаеме како е да се изгуби страста за нешта што нѐ правеле толку среќни, да пружиш рака, но да нема кој да ја дофати, да си сам своја поткрепа, бидејќи не можеш да сметаш на ниедна друга, да се насмевнеме кога сме најслаби.

Не би било сон. Не би било болно. Не би било страшно кога би можеле да се почитуваме според различноста, кога би биле пријатели без приговор, рамо за плачење, верен збор, надеж, кога на лицемерството би му свртиле грб, кога меѓу младите скалите на хиерархија не би се движеле според богатството, според тоа кој е „најкул“, „бубалица“, кога радостите би биле поприсутни од тагите, тогаш и учењето ќе ни биде „кул“!

Мирјана Трендова,
СОУ „Богданци“ – Богданци





## Графитите се протест и несфатена младост

Ѕидови околу нас. И секогаш се четири. Се движиме во тој ограден простор кој ни создава чувство на безбедност, сигурност и недопирливост. Тие се тука, некогаш да ја потенцираат нашата осаменост или да нѐ заштитат од стравот да бидеме дел од големиот простор, од булеварите, авениите и плоштадите кои се ничиј или сечиј простор.

Моите ѕидови, сеедно колку стари, сведоци се на моето растење, на моите големи и мали тајни, на успеси и паѓања. Со оглед на многуте станари кои минале тука, сигурна сум дека кријат нешта кои се потешки и од нивната столетна старост и од нивната тежина. Претпоставувам дека сите ѕидови се, всушност, волшебен круг во кој се случуваат големи љубови, разделби, семејни драми, а толку малку радости. Кога би проговориле сигурно би ги осудиле човековата себичност, кратковидост и неумеење да се радуваме на секој нов ден кога се будиме. Би ни кажале дека се оптоварени со нашите судбини, често колку и ние самите. Едно дете на ѕидот го наслика својот детски сон: птица во лет и безброј шарени цветови. Се радува тоа, се радува и ѕидот. Другото го истури својот бес врз ѕидот, а тој не возвраќа, но го боли секоја драсканица.

Повредени се и големите ѕидови низ градот со графити. Но имајте почит кон нив. Тие се големата уста на неизживеаната, несфатената младост, на протестот и револтот. Тие се борци кои опоменуваат на цел глас за да можат да чујат и видат оние кои немаат ни очи, ни уши за она што го мачи младиот човек во новото време. Сепак, сите ние навечер ќе ги побараме мирот и нашето топло легло во тој „квадратен“ круг. Но ѕидовите како мудар старец и понатаму продолжуваат да молчат и заедно со нас да го носат товарот на времето.

Ивана Куновска,
гимназија „Јосип Броз-Тито“ - Битола

## Умерено скромни, умерено дарежливи, умерено себични

Особините, како и луѓето, според етиката се делат на добри и на лоши, па во зависност од особините кои преовладуваат кај еден човек, истиот се класифицира во една од споменатите групи. Во теоријата сѐ е така милозвучно. Лесно е да се определи доброто од злото, црното од белото, но реалноста знае многу непријатно да нѐ изненади. Таа е сива, постоење на доброто и лошото како хомогена смеса во секој човек, чие одделување оди многу тешко.

Во едно вакво општество, клучот на преживувањето е себеспознавањето. Некој сигурно ќе рече дека не постои човек на светот кој не се познава себеси, но доколку тоа е вистина, тогаш не би постоела природната селекција. Сепак, факт е дека таа постои, како во флората и фауната така и меѓу луѓето. Еден човек во себе крие три дела: човекот каков што сака да биде, човекот каков што мисли дека е и човекот каков што навистина е. Последниот е единствениот со кој не сме запознаени доволно добро, а тој е и клучот за нашиот опстанок и причина зошто многу неприспособени единки ја губат борбата со природната селекција.

Нашето општество се гуши од смог кој содржи его и ароганција, љубов која се дава само кога се мора, логика која е сведена на минимум и лицемерството. Додека себичноста царува, гладува дарежливоста, чесноста ведне глава пред малициозноста. Копнежот да се чувствуваме вредни во очите на другите нѐ тера да ги прифатиме сите „ненормални“ работи како „нормални“. Ако избирањето да дејствуваш во полза на себеси, наместо во полза на другите, се смета за себичност, тогаш сите ја поседуваме таа особина. Јасно е - моралот нѐ учи дека себичноста е негативна особина, а сепак сите сме себични кога бараме од другите да не бидат себични. Штом нашите соништа ги ставаме пред другите и тогаш сме себични. Сепак, ако туѓата среќа ни е поважна од нашата, тогаш сме добри, тогаш ги познаваме и живееме според вистинските вредности. Со потиснување на хедонизмот ние стануваме искрени и чесни луѓе, а набрзо ќе станеме и плен кој бега од челустите на општеството, односно послабата единка во природната селекција. Тогаш што да се прави?

Како што рекол Питагора: „Мерата е најдобра“. Сѐ што правиме во животот треба да го правиме со мера. Умерена скромност, умерена себичност, умерена дарежливост, умерена алчност, па дури и умерена љубов, зашто сѐ што е претерано е штетно, иако во тој момент веројатно ќе ни изгледа супериорно.

Лиле Стефановска,
гимназија „Јосип Броз-Тито“ - Скопје



ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Медиумска лабораторија во битолската гимназија



Околу 40 ученици од гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Битола учествуваа на медиумската лабораторија што ја организира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во соработка со „Нова Македонија“. За време на интерактивното предавање со Александра Теменугова од Високата школа и фоторепортерката Маја Јаневска-Илиева, битолските ученици дознаа повеќе детали за основните новинарски професионални стандарди, правилата за пишување вест, етичките стандарди и секојдневните дилеми на фоторепортерите во една редакција и сл. Учениците заедно со професорката Соња Живковиќ Георгиевска на предавачите им го претставија својот средношколски весник „Е-око“. Настанот го проследи екипа на регионалната телевизија Тера од Битола.

## СОВЕТУВАМЕ:

## Совети за успешни видеоблогови

1.Одбери интересно и уникатно име за видеоблогот. Внимавај името да биде поврзано со темите за кои ќе блогираш.

2. Не заборавај дека и звукот е исто важен колку и сликата. Снимај во тивка соба, а доколку снимаш надвор, користи дополнителен микрофон. Направи тест-снимка пред да почнеш да снимаш.

3. Интересните наслови на видеата привлекуваат внимание и влијаат на бројот на прегледите. Исто така, тие ќе ѝ помогнат на публиката при пребарувањето побрзо да ги најде.

4. Секогаш линкувај ги твоите профили на социјалните медиуми во описот на видеата.

5. Приклучи се кон блогерската заедница. Не ги гледај другите видеоблогери како конкуренција, туку како можни партнери и соработници.

6. Заврши го твоето видео со повик за акција. Повикај ја твојата публика да го сподели своето мислење на некоја тема, да ги посети твоите профили на социјалните медиуми или да учествува во некоја активност.

7. Фокусирај се на градење бренд, а не само на бројот на кликови. Користи најавна шпица, твоја фотографија, лого или одредени бои по кои твојот блог ќе биде препознатлив.

8. Одржувај постојана интеракција со твојата публика. Не ги игнорирај нивните коментари и одговарај на нивните прашања.

9. Биди свој. Публиката сака искрени и вистински личности.

## СТРИП




Автор: Теодора Крстевска, гимназија „Јосип Броз-Тито“ - Битола

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Конкурс за средношколски есеи

Институтот за култура и уметност при меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ од Свети Николе - Битола распишува конкурс за средношколски есеи на следните теми: „Иднината на човештвото. Кој ќе победи во оваа трка?“, „Технологијата – меч со две острици? Колку далеку можеме да одиме?“, „Иднината е во онлајн-образованието“, „Најлошата песна во светот“, „Сите учиме едни од други“, „Мојата визија“ или на слободна тема по избор на авторот. На конкурсот можат да учествуваат сите средношколци со неограничен број есеи. Есеите треба да не надминуваат 700 збора и да бидат напишани со кирилична поддршка во фонтот „ариал“. Првопласираниот ќе добие парична награда во износ од 300 евра, второпласираниот 200 евра, а третопласираниот - 100 евра. Пријавувањето трае до 1 мај 2018 година. Повеќе информации на https://msu.edu.mk/esei2018/

### УНЕСКО фотоконкурс

УНЕСКО и фудбалскиот клуб Јувентус ги повикуваат сите млади вљубеници во фудбалот и во фотографијата да се вклучат во ширење на пораката за мир и толеранција преку фудбалот. Сите заинтересирани треба да испратат фотографија на која ќе биде прикажано како фудбалот може да помогне во промовирање инклузија, како и во надминување на стереотипите и дискриминацијата. Фотографијата треба да е придружена со кратко објаснување од 150 до 200 збора за тоа како фудбалот промовира инклузија, мир и толеранција. Победниците ќе добијат фотоапарат, дрес од Јувентус и фудбалска топка. Пријавувањето трае до 6 мај 2018 година. Повеќе информации на:
https://en.unesco.org/news/participate-unesco-and-juventus-photo-contest

### Младински натпревар за социјално претприемништво

„Фондација за претприемништво“ (Stiftung Entrepreneurship) и „Мировна фондација Гои“ (Goi Peace Foundation) ги поканувaат сите млади претприемачи да учествуваат со свои иновациски идеи и проекти кои ќе имаат влијание врз општеството. Пријавувањето е онлајн, со креирање сметка на следниот линк https://www.entrepreneurship-campus.org/register/. Иновациските идеи и проекти кои ќе ги задоволат критериумите на комисијата ќе поминат во вториот круг, каде што учесниците ќе имаат можност да ги доработат нивните проекти и ќе треба да направат триминутна видеопрезентација. Победникот ќе го избира публиката со гласање. Пријавувањето трае до 31 јули.

Повеќе информации на:
https://www.entrepreneurship-campus.org/about-the-competition/